Почитувани родители,

Ја обработувавме вештината „Учење во пар“. На часовите децата гледаа видео снимки на кои оваа вештина е прикажана низ неколку компоненети/правила, и ја применуваа вештината преку играње улоги.

Го споделуваме со Вас материјалот со компонентите за адекватно изведување на оваа вештина и социјална приказна, со цел да организирате вежбање надвор од училиштето (во паркот, со другарите на улица, на роденден, на гости кај роднините и сл.).

Ве молиме организирајте ситуации (игри или активности) во кои вашето дете ќе може да го примени она што го научило. Пред да вежбате примена на вештината „учење во пар“ важно е предходно да ја прочитате социјалната приказна со вашето дете. Најдобро е да ја читате во ситуации кога детето е опуштено и расположено. За подобро да го насочите детето на приказната, можете да му кажете дека оваа приказна сте ја напишале специјално за него. Прво читајте ја приказната заедно, а потоа следете го детето додека чита самостојно.

Следно повторете ги правилата за споделување. Во таа прилика можете прво да го прашате детето дали ги запомнило правилата за добро учење во пар, а потоа прегледајте го заедно визуелниот материјал со компонентите на вештината.

Потоа детето треба да ја примени вештината со различни партнери, и во различни околности. Оваа вештина може да се вежба во било која активност која бара соработка со партнер, кој може да биде врсник или возрасен. На пример: некоја практична работа дома, рачна изработка, сложувалка, зедничко боење, изработување проектен постер и сл.

Доколку имате било какви прашања или тешкотии, ви стојам на располагање.

Срдечно,

[Вашето име]